**Прилог број 2**

# ОДГОВОР
## на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор

На 19.11.2013 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Згрижувачки семејства како форма за вонинституционална заштита кај Министерството за труд и социјална политика од страна на законскиот застапник, министерот Диме Спасов, заведени во Државниот завод за ревизија под број 25 – 252/5.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 1.1.** од Нацрт извештајот која се однесува на недореченостите во Законот за социјална заштита во однос на регулирањето на формата згрижувачко семејство, **не се прифаќа**, бидејќи со забелешката се цитираат одредбите од член 165 од Законот за социјална заштита, со потенцирање на пропишаните услови под кои може лицето да ја врши оваа дејност и постапката за добивање на дозвола за самостојно вршење на згрижувачката дејност како професионална. Ревизијата констатира дека дефинираната постапка за вршење на дејноста и процедурата за стекнување на правото за професионално вршење на дејноста згрижувач се нецелосни.
   Заради наведената состојба во Република Македонија се уште нема регистрирано физичко лице кое како професионална дејност ќе врши згрижување, што е истакнато во Нацрт извештајот. Препораките дадени во Нацрт извештајот се во правец на допрецизирање на овие законски одредби со цел истите да се стават во функција.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 1.2.** од Нацрт извештајот која се однесува на констатацијата дека надоместокот за згрижување не е соодветен за надоместување на трошоците, **не се прифаќа**, заради следното:
   - Надоместокот за згрижување на лица не може да се поистовети со минимална нето плата, од причина што се разликуваат условите во давање на услуги при згрижување на лица во однос на редовното работно време. Имено, системот на згрижување бара 24-часовен ангажман и грижа, за кое е потребно многу енергија и одговорност, особено кога се работи за деца со посебни потреби. Со интензивирање на процесот на деинституционализација ќе се овозможи пренасочување на средствата планирани за институциите кои згрижуваат деца, а за кои се потребни средства во поголем износ, што е наведено во Нацрт извештајот,

- Ревизијата не оспорува дека семејствата во вид на еднократна парична помош повремено добиваат дополнителни средства за надоместување на медицински, стоматолошки, училишни потреби и истото е наведено во Нацрт извештајот. Но, донесувањето на посебен акт во кој ќе бидат утврдени постапката и критериумите за надомест на дополнителните трошоци на згрижувачките семејства ќе делува стимулативно за влегување во системот на згрижување и ќе осигура отсуство на субјективизам при нивно доделување и распоредување, односно ќе го елиминира ризикот средствата да не бидат доставени на вистинското место и за вистинските потреби.

3. Забелешката на **точката 1.3.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на констатацијата дека не постојат минимални структурни и функционални стандарди заради обезбедување на квалитетот на згрижувањето, **не се прифаќа**, од причина што истата се задржува на цитирање на законската регулатива и на стандардите за избор на згрижувачко семејство и проценката на моралните подобности на потенцијалниот згрижувач, за што не се однесува констатацијата на ревизорот во Нацрт извештајот.
   Имено, ревизијата констатира отсуство на минимални структурни и функционални критериуми за условите и квалитетот на условите за домување и просторот за сместување на децата, услови во поглед на задоволување на здравствените и развојните потреби на детето и стандарди за предмети за лична и воспитно – образовна потреба на децата.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 1.4.** која се однесува на минималното ниво на образование како критериум за избор на згрижувачките семејства, **не се прифаќа**, од причина што забелешката се задржува на цитирање на законската регулатива со потенцирање дека законското решение ќе овозможи зголемување на бројот на згрижувачки семејства.
   Имајќи ја предвид состојбата кај згрижувачките семејства, со ревизијата се констатира дека покрај условите за домување и простор, значаен сегмент во однос на грижата на децата претставува и нивото на образование на згрижувачот. Во прилог на наведеното е Извештајот за евалуација на згрижување во друго семејство изготвен од Канцеларијата на УНИЦЕФ, што е наведено во Нацрт извештајот.

5. Според содржината забелешката на констатираната состојба во **точката 1.5.** која се однесува на процесот на интеграција на СОС Детско село во системот на социјална заштита, претставува **известување** за активностите што се планираат во 2014 година од страна на Министерството за труд и социјална политика, во делот на плаќање на надомест за сите сместени деца во згрижувачките семејства од СОС Детско село.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 1.6.** која се однесува на згрижувањето кај роднини, **не се прифаќа** заради тоа што констатацијата на ревизијата се однесува на згрижување кај роднини како форма во системот на згрижувачки семејства, што не е предвидено со законот. Со пропишување на јасни услови и критериуми за згрижување на деца кај роднините, од една страна ќе се стимулира оваа форма во функција на најдобриот интерес на децата, а од друга страна ќе се елиминира ризикот од злоупотреба, како што е наведено во забелешката.
   Констатацијата на ревизорот не се однесува на блиски роднини кои имаат законска обврска за издржување на децата без исплата на надомест.
   Остварувањето на правото на постојана парична помош кое е наведено во забелешката, не може да се поистовети со правата и обврските од системот на згрижувачко семејство. Од друга страна истото не е стимулативно, бидејќи како што е наведено во претходниот дел од текстот се работи за згрижување со 24-часовен ангажман и грижа на децата.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точката 2.1.** која се однесува на недоволната професионална поддршка од страна на Центрите, **не се прифаќа**, заради фактот што забелешката се задржува на цитирање на законската регулатива, а не на состојбата во која се наоѓаат и функционираат Центрите. Сите констатирани состојби ревизорите ги истакнаа во Нацрт извештајот и заради надминување на констатираните состојби дадени се соодветни препораки.

8. Според содржината на забелешката на **точката 2.2.** од Нацрт извештајот претставува **известување** за тековните активности во делот на анализа за потребите од специјализирани згрижувачки семејства. Наведеното ќе биде составен дел на точката 2.2. од Конечниот извештај.

9. Забелешката на **точката 2.4.** од Нацрт извештајот а која се однесува на промовирање на згрижувачките семејства, **не се прифаќа**, од причина што со посетите кај Центрите, ревизијата не обезбеди доказ за спроведената активност наведена во забелешката.